03-40/2
27.05. 22

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), а по овластување на Директорот на ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар, согласно Решение број 01-61/4 од 21.01.2022 година, постапувајќи по Барањетото за пристап до информации од јавен карактер изјавено од . по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 26.05.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер од** поднесено до Општина Центар-Скопје, препратено до ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар како имател на информации заведено под бр. 03-40/1 од 03.05.2022 година **СЕ УВАЖУВА.**
2. ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар позитивно одговара на Барањето и го информира барателот дека поднесеното барање не претставува барање за пристап до информации од јавен карактер.

***О б р а з л о ж е н и е***

на 29.04.2022 година, до Општина Центар поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено во архивата на Општина Центар под бр.11-2530/1 од 29.04.2022 година, препратено до ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар како имател на информации, заведено во архивата на ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар под бр. 03-40/1 од 03.05.2022 година, со кое побара преку е-маил да му биде доставен фотокопија од следната информација:

1. Кога и во каква постапка е склучен договорот за кујната односно обезбедувањето на храна во ООУ 11 Октомри во Општина Центар?
2. Дали станува збор за јавна набавка и ако е јавна набавка колку понудувачи се јавиле и по која цена?
3. Кои се критериумите за избор на најповолен понудувач, зошто е избран баш тој за достава на храна?
4. Барам да ми доставите копија од овој склучен договор со најповолниот понудувач
5. Каде е објавена оваа јавна набавка, во кој медиум/гласило/службен весник, ве молам да ми доставите копија од објавата
6. Колку средства досега се инвестирани во кујната на училиштето од страна на добавувачот односно кои активности досега се превземени од страна на добавувачот за реновирање на кујната
7. За што точно се наменети овие средства, потребна ми е копија од карто од сметководство?
8. Ве молам доставете ми копија од склучените договори со оператори за ОУ 11 Октомври во последните 10 години.

Постапувајќи по ова Барање за пристап до информации од јавен карактер, ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар Ве информира за следното:

1. Под т.1 – На 30.08.2021 година е склучен договорот за топол оброк во постапката за склучување договор за давање на користење на училишна кујна и опрема и подготвување на топол оброк по определено мени за период од три години, односно од 01.09.2021 година до 31.08.2024 година.
2. Под т.2 – Не станува збор за јавна набавка, туку за исклучок од примена на Законот за јавна набавка, и е спроведена во постапка со објавување јавен оглас за давање училишен простор на користење – училишна кујна во дневен весник. На објавениот јавен оглас понуда достави само еден оператор, кој достави понуда со единечна цена по ученик за 1 месец со вклучен ДДВ во износ од 2.200,00 денари.
3. Под т.3 – Критериум за избор на најповолен понудувач е економски најповолна понуда. Како елементи на најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот се земаат следниве:
   - Број на доставени договори со потврди за извршени услуги за топол оброк во основни училишта во последните 4 учебни години (2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 година - 40 бодови;
   - Цена - 60 бодови.

   Избран е постојниот оператор бидејќи ги исполнува условите и воедно е единствен понудувач.
4. Под т.4 – Ви доставуваме во прилог фотокопија од Договор за давање простор на користење – училишна кујна и опрема бр.05-196/11 од 30.08.2021 година и фотокопија од Договор за топол оброк бр.05-196/12 од 30.08.2021 година.
5. Под т.5 – Јавниот оглас за давање училишен простор на користење – училишна кујна е објавен во дневен весник „Слободен печат" и во прилог Ви доставуваме фотокопија од објавениот Јавен оглас за давање училишен простор на користење – училишна кујна.
6. Под т.6 – Во училишната кујна сеуште не е спроведена постапката по основ на член 4 од Договор за давање простор на користење – училишна кујна и опрема бр.05-196/11 од 30.08.2021 година. Влогот во висина од 5.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ, без ДДВ, ќе биде инвестиран од страна на Корисникот до истекот на првата година од реализацијата на договорот.
7. Под т.7 – Влогот во висина од 5.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ, без ДДВ, целосно ќе биде искористен за опремување и реконструкција на училишната кујна и трпезарија. Инвестицијата останува во трајна сопственост на училиштето. За докажување на вредност на инвестицискиот влог, Корисникот доставува проценка од овластен проценител во оригинал и копии од фактурите преку кои ги набавил стоките и друга дополнителна документација и ги предава на договорниот орган во негова трајна сопственост со записник.
8. Под т.8 – Прилог:
   - Фотокопија Договор бр.03-275/3 од 01.09.2012 година
   - Фотокопија Договор бр.03-220/23 од 15.10.2014 година
   - Фотокопија Договор бр.03-387/22 од 16.11.2015 година
   - Фотокопија Договор за набавка на топол оброк бр.03-313/40 од 04.10.2016 година
   - Фотокопија Договор за набавка на топол оброк бр.03-290/16 од 24.07.2017 година
   - Фотокопија Договор за набавка на топол оброк бр.05-347/14 од 03.09.2018 година
   - Фотокопија Договор за набавка на топол оброк бр.03-313/40 од 04.10.2016 година
   - Фотокопија Договор за топол оброк бр.03-298/11 од 21.08.2019 година

- Фотокопија Договор за давање простор на користење – училишна кујна и опрема бр.05-196/11 од 30.08.2021 година и фотокопија Договор за топол оброк бр.05-196/12 од 30.08.2021 година

Согласно погоре наведеното, ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Решено во ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар на 27.05. 2022 година, под бр.08-2.

По овластување на Директор
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Мерлина Русева

Доставено до:
- архива на ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар
- баратeл на информацијата